# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА -СКРИПА” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ОЛГА КОШЕВАЛИСКА И АС. ДОК. Д-Р ЕЛЕНА МАКСИМОВА,ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-144/16 од 168. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 16.10.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- наслов. вон. проф. д-р Лазар Нанев, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
- наслов. вон. проф. д-р Тодор Витларов, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА - скрипта” од вон. проф. д-р Олга Кошевалиска и ас. док. д-р Елена Максимова,** наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Скриптата со наслов „Организиран криминал и корупција“ од вон. проф. д-р Олга Кошевалиска и ас. док. д-р Елена Максимова е наменета за студентите на Правен факултет, четврта година, осми семестар, со неделен фонд на часови 3+2+1 со 8 ЕКТС, кои го слушаат предметот Организиран криминал и корупција. Ракописот потполно соодветствува за користење како учебно помагало за предметот, бидејќи целосно го опфаќа поимното и предметното дефинирање на појавите и нивни појавни облици. Пишуван на разбирлив јазик, би бил одлично помагало за совладување на материјата согласно со предметната програма.

**Податоци за обемот на ракописот:** Сумарно, ракописот има 99 страници, А4 формат, 176 фусноти и над 100 извори. Материјалот е пишуван во А4 формат, со нормален проред. Употребен е фонт Arial, со големина на буквите 11, со што се задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. На ниво на единицата не е објавен ист или сличен учебник.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Скрипта или друго учебно помагало што обработува иста содржина досега не е објавена на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Материјата по предметот до сега е покривана со неколку текстови и учебници од областа, од кои повеќето се од постар датум. Со тоа оваа скрипта сама по себе значи и систематично и унифицирано собирање на податоците за наставната материја на едно место, што е клучно за темелно разработување на програмата.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е конципиран во два дела. Првиот дел се однесува на материјата за организиран криминал, а вториот дел за корупција.

***Првиот дел***, кој се однесува на организираниот криминал, започнува со поимно определување и определување на карактеристиките на организираниот криминал. Потоа, обработува неколку од позначајните појавни облици на криминалитетот за да се заокружи делот со теоретска обработка на борбата против организираниот криминалитет на домашно ниво.

Првата точка, насловена *Поим и карактеристики на организираниот криминал*, врши поимно определување на појавата, нејзино дефинирање во домашната и странската

литература и обработка на меѓународната правна рамка насочена кон борба против организираниот криминал. Преку ваквата детална разработка, авторките успеваат да дадат темелна и детална обработка на она кое ќе биде разработено подолу, но и да навлезат во суштината на појавата и да прикажат како истата се доживува дома, а како преку приказот на странската литература и мисла. Обработката на меѓународната легислатива во овој дел само ја нагласува важноста за потребата од детализирање на материјата и ни дава увид во сериозноста на истата. Опфатени се притоа најзначајните и најрелевантните правни акти, кои преку разработени извадоци дополнително сеанализираат низ целиот текст. Во овој дел се обработени Конвенцијата за транснационалниот организиран криминалитет со протоколите, како најзначајни акти на Организацијата на Обединетите акции. Опфатена е и разработка на акти кои ја уредуваат материјата, а се донесени во рамките на работата на Европската Унија и Советот на Европа. За заокружување на овој дел, направена и теоретска разработка на организирана криминална група и злосторничко здружување, нивно поимно обработување и дефинирање.

Понатаму, авторките продолжуваат со обработка на *Облиците на организираниот криминал*. Обработени се трговијата со луѓе и трговијата со деца, трговијата со дрога, недозволената трговија со оружје и перењето пари. За сите овие облици, авторките даваат една криминолошка перспектива на нивно разбирање, од аспект на феноменолошките и етиолошките белези. Така, опфатени се начините на извршување, причините и разорните дејствија кои ги оставаат зад себе. Потоа, за сите детално се анализирани меѓународните решенија за унифицирана и систематизирана борба против нив, а објаснето е и поврзувањето и испреплетувањето на овие појавни облици во пракса.

Во делот кој ја разработува *Борбата против организираниот криминал во Република Македонија* авторките умешно ја прикажуваат законската уреденост на материјата од домашен аспект, правејќи поврзување со акцептираните меѓународни решенија. Се обработува посебно и третирањето на злосторничкото здружение, како подготвително дејствие sui generis, што е особено значајно бидејќи е прозивот од влијанието на меѓународната сцена за борба против криминалитетот. Авторките ги обработуваат и релевантните органи воспоставени за борба против организираниот криминал, па даваат осврт за работата на судот, Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи во оваа насока, Финансиската полиција, Управата за финансиско разузнавање и слично.

***Вториот дел*** ја обработува корупцијата.

Авторките и овој дел го започнуваат со умешно поимно разработување на карактеристики на корупцијата. Па во точката насловена како *Поим и карактеристики на корупцијата*, освен поимно разработување и дефинирање на појавата и нејзината поврзаност со организираниот криминал, прават феноменолошко и етиолошко разработување за да завршат со анализа на меѓународната борба против корупцијата и домашната борба.

Дефинирањето и поимното определување на корупцијата се особено важни за оформување на идеја на читачот за што станува збор и што е всушност корупцијата, а доведувањето во врска со организираниот криминал само помага во создавање на целосна слика за ракописот во глобала.

Криминолошката анализа и согледувањето на материјата од аспект на феноменолошки карактеристики и причините и последиците за и од појавата се базични за секакво подлабинско разработување на проблематиката. Поделбите на корупцијата во подвидови, а гледано од агол на сторителите или казнивоста се основни теоретски проблематики кои се создадени за да овозможат прогнозирање и превенирање на корупцијата. Затоа нивното теоретско разработување си зазема и своја посебна тежина.

Меѓународната борба против корупцијата е патоказ за останатите држави за унификација на инструментите во совладување на корупцијата на подолги патеки. Авторките прават исцрпен преглед на документите кои ја уредуваат оваа материја, како и работата на Групата држави против корупција како значајно меѓународно тело.

На крај, разработката на националната легислатива, согледувањето на тоа до каде е државата во имплементацијата и реализацијата на законските решенија и колку од нив се во согласност со ратификуваните меѓународни акти е неодминлив учебникарски дел

за запознавање со проблемот. Анализата на работата на најважните органи е исто така успешно опфатена во овој дел, со што се заокружува домашната поставеност за борба против корупцијата.

## ЗАКЛУЧОК

Материјата обработена во ракописот со наслов „Организиран криминал и корупција - скрипта" од вон. проф. д-р Олга Кошевалиска и ас. док. д-р Елена Максимова ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Организиран криминал и корупција за студентите на прв циклус правни студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Наставните единици се елаборирани системски и прегледно, што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат и разберат суштината на предвидената содржина врзана за организираниот криминал и корупција, како транснационална закана и проблем. Според начинот на елаборирање на материјата ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди за публикување, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во совладувањето на овој предмет.

Поради тоа, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ракописот наслов „Организиран криминал и корупција - скрипта" од вон. проф. д-р Олга Кошевалиска и ас. док. д-р Елена Максимова да биде издаден како скрипта за студентите на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Лазар Нанев, насловен вонреден професор, с.р.**
**Д-р Тодор Витларов, насловен вонреден професор, с.р.**